Прием на странки: четврток од 11:00 до 14:00 часот

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Гордан Станковиќ**
**именуван за подрачјето**
**на Основен граѓански суд Скопје и**
**Основен кривичен суд Скопје**
**тел: 3239-631;3216-909**
**е-маил:izvrsitel@gstankovic.com**
**Лице за контакт: Соња**

Образец бр.66

**И.бр.1683/2019**

Извршителот Гордан Станковиќ од Скопје, ул.Петар Попарсов бр.36А врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Еуростандард Банка АД Скопје - во стечај од Скопје со седиште на ул.Никола Кљусев бр.2, засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ.бр.854/16 од 01.09.2016 година на Нотар Весна Дончева и Решение О.бр.191/24, УДР.бр.01/24 од 26.04.2024 година на Нотар Фросина Клисароска Канчевска, против должникот Томислав Крстевски од Финска, за спроведување на извршување во вредност 20.000.000,00 денари на ден 17.06.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ТРЕТА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА ТРЕТА продажба** со усно јавно наддавање на следните недвижности сопственост на должникот Томислав Крстевски:

**1.** недвижност запишана во **имотен лист бр.94653 за КО Ѓорче Петров 2 – Мирче Ацев** при АКН на РСМ – ЦКН Скопје со следните ознаки:
- КП 5775, дел 4, адреса “Б.Сарафов 45”, број на зграда 2, намена на зграда А5-2, влез 1, кат ПР, **број 27**, намена на посебен дел од зграда – ГМ – гаражно место со површина од 13 м2

Почетната вредност на недвижноста, изнесува **<u>269.054,00 денари</u>**, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотеката што се реализира на Еуростандард Банка АД Скопје - во стечај и прибелешката на извршител Гордан Станковиќ.

**2.** недвижност запишана во **имотен лист бр.94653 за КО Ѓорче Петров 2 – Мирче Ацев** при АКН на РСМ – ЦКН Скопје со следните ознаки:
- КП 5775, дел 4, адреса “Б.Сарафов 45”, број на зграда 3, намена на зграда А5-2, влез 1, кат ПР, **број 29**, намена на посебен дел од зграда – ГМ – гаражно место со површина од 12 м2

Почетната вредност на недвижноста, изнесува **<u>248.357,00 денари</u>**, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотеката што се реализира на Еуростандард Банка АД Скопје - во стечај и прибелешката на извршител Гордан Станковиќ.

**3.** недвижност запишана во **имотен лист бр.94653 за КО Ѓорче Петров 2 – Мирче Ацев** при АКН на РСМ – ЦКН Скопје со следните ознаки:
- КП 5775, дел 4, адреса “Б.Сарафов 45”, број на зграда 3, намена на зграда А5-2, влез 1, кат ПР, **број 30**, намена на посебен дел од зграда – ГМ – гаражно место со површина од 13 м2

Почетната вредност на недвижноста, изнесува **<u>269.054,00 денари</u>**, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотеката што се реализира на Еуростандард Банка АД Скопје - во стечај и прибелешката на извршител Гордан Станковиќ.

Продажбата ќе се одржи на ден **14.07.2026** година во **11:00** часот во просториите на извршител Гордан Станковиќ на ул. Петар Попарсов бр.36А, тел 3239-631, 3216-909.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10(една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста. Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250010900648554 која се води кај Шпаркасе банка Македонија АД Скопје и даночен број 5030006240628, **најдоцна 1 (еден) ден пред продажбата, со назначување на редниот број на недвижноста за која се уплаќа.**

Уплатата на гаранцијата се докажува со увид во посебната сметка на извршителот од датум еден ден пред одржување на продажбата.

Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15(петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен печат – Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на: Доверител
Должник
Лица со право на првенствено купување
Град Скопје - Сектор за финансии
- Одделение за наплата на даноци, такси и други надоместоци

Правна поука: Против овој акт може да се поднесе приговор до надлежниот Основен суд во рок од три дена од денот на приемот на актот, согласно одредбите од член 86 од Законот за извршување.

X

Дигитално потпишан од
Извршител Гордан Станковиќ
Signed by: Gordan Stankovikj